# Турски производители и трговци на земјоделските машини и прехранбени производи барат партнери во земјава




Стопанската Комора на Македонија-Турција, МАТТО денеска оствари средба со делегација од Стопанската Комора од турскиот град Зиле на која беа разменети искуства и се зборуваше за можна идна соработка во областа на земјоделството.

Неџати Биџе, претседател на Стопанската Комора од Зиле, истакна дека на средбата се разговарало за механизацијата што се користи во земјоделството, потенцијалите кои ги има нашата земја и соработката што можат да ја остварат производителите и трговците на земјоделските машини и прехранбени производи од Зиле во Македонија.

Заменик претседателот на МАТТО, Имер Селмани потенцираше дека делегацијата од Стопанската Комора од Зиле е во посета на земјата со цел да ги разгледа можностите за соработка во делот на земјоделството, особено во делот на механизацијата, што е потребна за развој на земјоделството.

– Ние сите знаеме дека во Република Македонија има потенцијал во земјоделството којшто за жал не е до крај искористен онака како што може да биде искористен. Сите пак, од друга страна знаеме дека Република Турција има добро развиено земјоделство, има успешна земјоделска механизација. Сепак, сметам дека е добра можност меѓу земјоделците, меѓутоа и меѓу фирмите, да се развие една соработка не само во делот на

продажбата, туку и можно заедничко производство и пласман, евентулано и во трети земји од нашата држават, кон Балканот, пошироко и кон Европа, истакна Селмани.

Тој нагласи дека Северна Македонија може да претставува една многу успешна „врата“ за моќните големи турски компании кон земјите од Европската Унија.


## You May Like

**Bu oyunu 3 dakika oyna ve neden herkesin bu oyuna bağımlı olduğunu oğren**
**World of Warships indir**

**Eğer bir bilgisayar sahibiyseniz bu strateji oyununu mutlaka denemelisiniz!**
**Total Battle: Online Strateji Oyunu**

**Ucuz Uçak Bilet Sorgulama - KAYAK'la Ara, Bul, Tasarruf Et**
**Kayak.com**

**Kredin için en uygun hayat sigortası burada**
**Aegon**

**Peşin alımlarda 12 ay 0 faiz Fırsatlarıyla 76.043 TL.**
**Gazelle Next**

**Soho Markasında Büyük İndirim!**
**Trendyol**

by Taboola